# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

**НА**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 12<br><br>09.12.2019** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр. 5 / 2002 ) , а во врска со член 33 од Законот за Буџетите ( ,,Сл.весник на РМ" бр . 64 / 05 ; 04 / 08 ; 103 / 08 ; 156 / 09 ; 95 / 10 ; 180 / 11 ; 171 / 12 ;192/15 и 167/16 ) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 и 03/19 ) , Советот на Општина Крива Паланка на **30-та седница , одржана на ден 06.12.2019 година , донесе :**

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 424210 - Одржување на згради | -60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 - Поправки и одржување на друга опрема | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464910 - Плаќање по судски решенија | -40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕА0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | | | | | |
| 480140 - Купување на информатичка и видео опрема | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483110 - Купување на канцелариски мебел | -20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **GA0 ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИОНАЛНИ ОБЈЕКТИ** | | | | | |
| 480190 - Купување на друга опрема | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТУК.НА УЛИЦИ И ПАТИШТА** | | | | | |
| 482120 - Изградба на улици,патишта и автопати | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JI0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ** | | | | | |
| 482320 - Изградба на пречистителни станици и колектори | 430.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JL0 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 482930 - Реконструкција на други објекти | -430.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 420130 - Патување во земјата – сместување | -33.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425190 - Изнајмување на друга опрема и опрема за специјална намена | -37.664 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 - Услуги за копирање,печатење и издавање | 37.664 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **LOO СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 464120 -Стипендии за подршка на млади таленти | 33.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **W00 ПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 401130 - Основни плати – други вработени | 0 | 0 | -30.000 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 401310 - Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -9.114 | 0 | 0 |
| 402110 - Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 402120 - Придонес за бенифициран стаж | 0 | 0 | 8.000 | 0 | 0 |
| 402210 - Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 1.114 | 0 | 0 |
| 421110 - Елекртична енергија | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421120 - Водовод и канализација | -15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421220 - Дрва | -15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 - Телефон и телефакс | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето ,а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка и станува составен дел на Буџетот за 2019 година .

**Бр. 09 -3970/3**
**06.12.2019 година**
**Крива Паланка**

**Претседател на Советот на Општина**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година ,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/4**
**09.12.2019 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 157 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012,100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016,127/2016 ,67/2017, 64/2018 и 161/2019) , член 101 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 ) член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014 ,02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12. 2019 година донесе

**О Д Л У К А**

**За распределба на средства од блок дотација за**

**за 2020 година**

Член 1

Блок дотацијата за основно образование за Општина Крива Паланка за 2020 година е 119.528.000, 00 денари.

Член 2

Овие средства се распределуваат на двете основни училишта „Илинден“ и „Јоаким Крчовски“ според Правилник за утврдени стандарди и нормативи за распределба на средства донесен од страна на Совет на Општина Крива Паланка бр.09-2528/41 од 30.11.2017 година.

Член3

Основни критериуми за распределба се вкупен број на ученици во училиштата, бројот на паралелки, сменското работење на училиштата, бројот на подрачни училишта, број на вработени во училиштата, број на ученици кои користат превоз,.

Член 4

Според критериумите за ООУ „Јоаким Крчовски“ припаѓат **60,73%** од блок дотацијата односно **72.589 354,00 денари,** а на ООУ „Илинден“ припаѓаат **39,27%** од блок дотацијата односно **46.938 646,00 денари**.

Член 5

Во средствата на ООУ „Јоаким Крчовски“ спаѓаат  и средствата за ОУД “Боро Менков” во износ од 1. 055 934,00 денари.

Член 6

Распределбата на средства за ОУД „Боро Менков“ е бидејки во домот престојуваат единаесет  ученика кои учат во ООУ „Јоаким Крчовски“, а се сместени во домот за ученици.

Член 7

За средното образование блок дотацијата изнесува 47. 000 000,00 денари и целокупниот износ припаѓа на СОУ „Ѓорче Петров“.

Член 8

Блог дотацијата за детска заштита изнесува 20.286 000,00 денари и целокупниот износ припаѓа на ОЈУДГ „Детелинка“.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3970/5**
**06.12.2019.година**
**Крива Паланка**

**Совет на општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за распределба на средства од блок дотации за**

**2020 година**

1. Се објавува Одлука за распределба на средства од блок дотации за

2020 година ,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 8 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 14 став (1) и член 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

## ОДЛУКА

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад**

### Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 – 3970/7** **Совет на Општина Крива Паланка**
**06.12.2019 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општините;Штип,Карбинци,Кочани,Виница,Берово ,Делчево,Македонска Каменица,Чешиново-Облешево,Зрновци,Пехчево,Пробиштип,Крива Паланка,Ранковце ,Кратово,Липково,Старо Нагоричани,Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад**

1. Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општините; Штип, Карбинци Кочани, Виница ,Берово ,Делчево,Македонска Каменица,Чешиново-Облешево,Зрновци,Пехчево,Пробиштип,Крива Паланка,Ранковце ,Кратово,Липково,Старо Нагоричани,Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/8**
**09.12.2019 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 23-а и 46 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 71/2004, 107/2004, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 8/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 138/14, 25/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**Член 1**

Со оваа одлука Советите на општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Куманово, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане и Свети Николе, основаат заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпадот во Источниот и Североисточниот плански регион и општина Свети Николе.

**Член 2**

Заедничкото јавно претрпијатие е со назив Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ“ Свети Николе со седиште во општина Свети Николе на адреса: Плоштад „Илинден“ бб Свети Николе.

Скратениот назив на претрпијатието гласи: ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе.

**Член 3**

Износот на средства за основање на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе изнесува 3 000 000 денари.

Средствата од став 1 од овој член ги обезбедуваат општините- основачи во пропорционален износ на бројот на население според последниот попис спроведен во Република Северна Македонија во 2002 година и Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04, 22/05, 98/08, 106/08 и 149/14) и тоа:

Старо Нагоричане 4,840 жители - 38.913 денари

Ранковце 4,144 жители - 33.317 денари

Липково 27,058 жители- 217.542 денари

Куманово 105,484 жители - 848.074 денари

Крива Паланка 20,820 жители - 167.389 денари

Кратово 10,441 жители - 83.944 денари

Берово 13,941 жители - 112.083 денари

Делчево 17,505 жители - 140.737 денари

Карбинци 4,012 жители - 32.256 денари

Кочани 38,092 жители - 306.253 денари

Виница 19,938 жители - 160.298 денари

Македонска Каменица 8.110 жители - 65.204 денари

Пехчево 5,517 жители - 44.356 денари

Пробиштип 16,193 жители - 130.189 денари

Чешиново- Облешево 7,490 жители - 60.219 денари

Штип 47,796 жители - 384.272 денари

Зрновци 3,264 жители - 26.242 денари

Свети Николе 18,497 жители - 148.713 денари

**Член 4**

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе ќе ги врши следните дејности :

**38 - Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад; обновување на материјали**

38.1 - ***Собирање на отпад***

38.11 - Собирање на безопасен отпад

38.12 - Собирање на опасен отпад

38.2 - ***Обработка и отстранување на отпад***

38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад

38.22 - Обработка и отстранување на опасен отпад

**38.3 - *Обновување на материјали***

38.31 **-** Демонтирање на крш

38.32 **-** Обновување на посебно издвоени материјали

**39. -Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад**

39.00 Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад

Приоритетна дејност на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе ќе биде :
**38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад**

**Член 5**

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе се организира така што дејноста, заради која е основано, ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство на системот;

2. Ефикасност и транспарентност во работењето;

3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;

4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;

5. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и

6. Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

**Член 6**

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе се организира на начин што ќе обезбеди поттикнување и развој на управувањето со отпадот на регионално ниво согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија и Планот за управување со отпад на Република Македонија, воспоставување и организирање регионален систем за управување со отпад којшто особено се состои од регионална депонија за комунален отпад и/или други објекти и инсталации за постапување со отпадот.

**Член 7**

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе се организира како единствено јавно претпријатие и дејностите набројани во членот 4 на оваа Одлука, ќе ги извршува на територијата на сите општини основачи на претпријатието.

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе има 6 претоварни станици кои се организирани како подружници и тоа:

- Претоварна станица (ПС) Подружница Берово- за општина Берово и општина Пехчево
- Претоварна станица (ПС) Подружница Македонска Каменица- за општина Макеоднска Каменица и општина Делчево
- Претоварна станица (ПС) Подружница Виница- за општина Кочани, општина Виница, општина Зрновци, општина Чешиново - Облешево, за ПС Берово и ПС Македонска Каменица
- Претоварна станица (ПС) Подружница Ранковце- за општина Крива Паланка, за општина Кратово и за општина Ранковце
- Претоварна станица (ПС) Подружница Куманово- за општина Куманово, општина Липково, општина Старо Нагоричане и ПС Ранковце.

- Претоварна станица (ПС) Подружница Штип- за општина Штип и општина Карбинци.

Подружниците на јавното претпријатие немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие.

**Член 8**

Одлуките на органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе ќе се спроведуваат на единствен начин за основачите.

**Член 9**

ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе за обврските во правниот промет со трети лица, одговара со целиот свој имот.

**Член 10**

Финансирањето на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе ќе се врши:

- од остварени сопствени приходи на претпријатието,

- од Буџетите на општините основачи на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе во пропорционален износ на бројот на население според последниот попис спроведен во Република Северна Македонија во 2002 година и Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04, 22/05, 98/08, 106/08 и 149/14),

-од донации и спонзорства и

-од други извори на приходи.

Основачите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе со посебни одлуки ќе отстапат на користење имот и опрема за работата на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе.

**Член 11**

За лице кое ќе ги врши работите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе до негово конституирање се именува Драган Паневски од Свети Николе именуван со Одлука за именување на лице кои ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за управување со отпад бр.0801-624 од 05.11.2019 година на Советот на општина Свети Николе.

**Член 12**

Органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиското работење (Надзорен одбор) и Директор.

Управниот одбор се состои од 15 (петнаесет) членови кои ги именуваат и разрешуваат советите на општините кои го основаат заедничкото јавно претпријатие и тоа на следниот начин:

Советот на општина Куманово именува 4 (четири) члена
Советот на општина Штип именува 2 (два) члена
Советот на општина Крива Планака именува 1 (еден) член
Советот на општина Кочани именува 2 (два) члена
Советот на општина Свети Николе именува 1 (еден) член
Советот на општина Виница именува 1 (еден) член
Советот на општина Делчево именува 1 (еден) члена
Советот на општина Пробиштип именува 1 (еден) член
Советот на општина Ранковце именува 1 (еден) член
Советот на општина Липково именува 1 (еден) член

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на управниот одбор кој самиот го именувал.

**Член 13**

Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе (надзорен одбор) се состои од 5 (пет) члена кои ги ги именуваат и разрешуваат Советите на општините кои го основаат ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе и тоа на следниот начин:

Советот на општина Старо Нагоричане именува 1 (еден) член
Советот на општина Свети Николе именува 1 (еден) член
Советот на општина Берово именува 1 (еден) член
Советот на општина Македонска Каменица именува 1 (еден) член
Советот на општина Кратово именува 1 (еден) член.

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе (надзорен одбор) кој самиот го именувал.

**Член 14**

Со работата на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе раководи Директор.

Директорот се избира по пат на јавен оглас, во согласност со Законот за јавни претпријатија, а изборот го вршат градоначалниците на општините што го основаат ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе со апсолутно мнозинство, односно со 51 бод од вкупно 100 бода, при што вредноста на гласот на секој градоначалник е изразена во бодови на следниов начин:

Старо Нагоричане - 1 бод
Ранковце - 1 бод
Липково - 7 бода
Куманово - 28 бода
Крива Паланка - 6 бода
Кратово - 3 бода
Берово - 4 бода
Делчево - 5 бода
Карбинци - 1 бод
Кочани - 10 бода
Виница - 5 бода
Македонска Каменица - 2 бода
Пехчево - 2 бода
Пробиштип - 4 бода
Чешиново-Облешево - 2 бода
Штип - 13 бода
Зрновци - 1 бод
Свети Николе - 5 бода

Вршител на должноста Директор до избор на Директор именуваат Градоначалниците на општините што го основаат ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе на ист начин како што избира и директор согласно став 2 од овој член.

Директорот на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе се разрешува со гласање на исти начин како што се врши изборот, согласно став 2 од овој член.

Одлуките на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе за распишување на јавен оглас, за избор и разрешување на директор и за именување и разрешување на вршител на должност директор во име на сите градоначалници ги потпишува Градоначалникот на општина Свети Николе.

**Член 15**

Рокот за донесување на статутот и именувањето на органите на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе е 90 дена од денот на уписот во Централниот регистар на РСМ.

**Член 16**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Куманово“, а ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на советите на сите општини основачи на ЗЈПРУО „ДЕПОНИЈА МЕЧКУЕВЦИ” Свети Николе

**Бр. 09 – 3970/9** **Совет на Општина Крива Паланка**

**06.12. 2019 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад**

1. Се објавува Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1, т.41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2019 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За Кофинансирање на проект Подобрување на туристичка инфраструктура за пристап до туристички локалитети**

**во општина Крива Паланка**

Член 1

За реализација на проектот: **Подобрување на туристичка инфраструктура за пристап до туристички локалитети во општина Крива Паланка**, општина Крива Паланка е согласна од средствата од Буџетот да ја кофинансира разликата од постигнатата вредност на Јавната набавка и одобрените средства по Повикот од Програмата за Рамномерен Регионален Развој за 2020 , преку Биро за Регионален Развој а во партнерство со Центарот за развој на Североисточниот плански регион.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3970/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2019год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за Кофинансирање на проект Подобрување на туристичка инфраструктура за пристап до туристички локалитети**

**во општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за Кофинансирање на проект Подобрување на туристичка инфраструктура за пристап до туристички локалитети во општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/12** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (СЛ. Весник на РМ број 5/02) и член 14 став 1 точка 40 и точка 41 од Статут на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Крива Паланка бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2019, донесе.

**О Д Л У К А**

**За одобрување на финансиски придонес за имплементација на проектот „Создавање на услови за здрави генерации“**

**Член 1**

Се донесува Одлука за одобрување на финансиски придонес на Општина Крива Паланка во висина од 183.000 денари, согласно Договорот за грант бр.UNOPS-NORDIC-2019-GRANT-003 за проектот „Создавање на услови за здрави генерации“.

Општина Крива Паланка го имплементира горенаведениот проект во рамки на проектот „Нордиска поддршка за напредокот на Северна Македонија“,имплементиран преку Секретаријатот за европски прашања на Република Северна Македонија, а финансиран со средства од Кралство Норвешка преку Норвешка Амбасада и Кралство Шведска преку Шведската Агенција за развој и соработка.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 00-3970/13**
**06.12.2019 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на општина Крива Паланка**
**П р е т с е д а т е л,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за одобрување финансиски придонеси за имплементација на проектот,,Создавање на услови за здрави генерации’’**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски придонеси за имплементација на проектот,,Создавање на услови за здрави генерации’’ ,што Советот ја донесе на

30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/14**
**09.12.2019 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2020 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2020 година**.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09– 3970/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на програмата за работа на ЛУ Градски Музеј-Крива Паланка за 2020 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на програмата за работа на ЛУ Градски Музеј-Крива Паланка за 2020 година ,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10 , 8/14, 2/18 И 3/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 06.12.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на член на Училишен одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. Се разрешува Дејан Пејчиновски од член на Училишен одбор на СОУ „Ѓорче Петров“– Крива Паланка поради неприсуство на седниците на Училишниот совет .

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3970/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за разрешување на член на Улилишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на член на Улилишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10 , 8/14, 2/18 И 3/19) Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 06.12.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување член на Училшен одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. За член на Училишен одбор на СОУ „Ѓорче Петров“–Крива Паланка, се именува:

-Андријана Димитровска

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3970/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за именување на член на Улилишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на член на Улилишен одбор на СОУ Ѓорче Петров-Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 183 став 3 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на РСМ“ бр.104/19 и 146/19) и член 14 став 1 точка 26 и 41 од Статутот на Општина Крива Планка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18 и 3/19), Советот на Општина Крива Паланка, на Седницата одржана на ден 06.12.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински**

**центар за социјална работа - Крива Паланка**

**Член 1**

За член во Управниот одбор за ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Крива Паланка се именува:

- **Мартин Николовски**, вработен во Општина Крива Паланка на работно место Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.

**Член 2**

Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ .

**Бр.09 -3970/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Планка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за именување на член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа –Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за именување на член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа –Крива Паланка,што Советот ја донесе на 30-та седница,одржана на ден 06.12.2019 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-3970/22** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2019 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22. ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002г.) и член 14 т.41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Крива Паланка бр. 8/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За предавање на објект ,,Канализација за отпадни води за дел од с. Конопница“ на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Крива Паланка го предава на ЈП „Комуналец“ -Крива Паланка на користење и стопанисување новоизградениот линиски инфраструктурен објект во с.Конопница **,,Канализација за отпадни води за дел од с. Конопница“ и тоа: К1 од 0+000 до 0+970,9, К2 од 0+000 до 0+141,73 и К3 од 0+000 до 0+161,12 м.**

**Член 2**

ЈП „Комуналец“ ќе го користи, стопанисува, управува и одржува ново изградениот канализационен систем.

**Член 3**

Општина Крива Паланка предава по еден примерок од техничката документација за изградениот објект (Основен проект со ревизија, Одобрение за градба, Извештај од извршен технички преглед со констатација дека објектот може да се пушти во употреба, Проект на изведена состојба) на ЈП Комуналец –Крива Паланка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-3970/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2019 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за предавање на објект ,,Канализација за отпадни води за дел од с.Конопница на ЈП ,,Комуналец’’ –Крива Паланка**

